Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Р. Македонија

СУТКОЗ
НА Р. МАКЕДОНИЈА

жиро сметка : **200000008569069** Стопанска Банка АД
Ул.12 Ударна бригада бр.2а, 1000 Скопје,п.фах.228 ,
тел/факс 3239-857
**E-mail:** sutkoz@yahoo.com ; info@sutkoz.org.mk
**ЕДБ: 4030996240305**

0302-145
19.06.2017 год.

МАКЕДОНИЈА
политика
19-06-2017
08 8191/13

До
Министер за труд и социјална политика
- Министерство за труд и социјална политика

Од
м-р. Дарко Димовски
претседател на СУТКОЗ

БАРАЊЕ

за огласување на ништовно на
Решение бр.08-8191/10 од 29.12.2016 година
на Министерство за труд и социјална политика

На ден 13.11.2016 година Советот на ССМ по одржана седница донел Одлука за отповикување на Живко Митревски од функцијата Претседател на ССМ и Претседател на Советот на ССМ и Одлука за именување на м-р.Дарко Димовски за в.д. Претседател на ССМ и в.д. Претседател на Советот на ССМ. За истото, согласно чл.193 ст.1 од ЗРО, е известено Министерството за труд и социјална политика и на ден 14.11.2016 година донело Решение бр.08-8191/2 со кое лицето Дарко Димовски се впишува како лице овластено за застапување во Регистарот на синдикатите.

**Доказ: Решение на Министерството за труд и социјална политика бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година**

Во истото решение е дадено упатство за правно средство, но никој го нема искористено правото на тоа правно средство. По пропуштање на рокот за поведување на управен спор за поништување на наведеното Решение истото станало правосилно и **не постои начин да се поништи** доколку не е поведен управен спор. По изминување на повеќе од 30 дена од носење на Решението, на 29.12.2016 година, по поднесено барање за

поништување на Решението од страна на ССМ, Министерството за труд и социјална политика донело ново Решение бр.08-8191/10 со кое го **поништува Решението бр.08-8191/2.**

**Доказ: Решение на Министерство за труд и социјална политика бр.08-8191/10 од 29.12.2016 година**

Решението е спротивно на Законот, погрешно е применето правото и е спротивно на фактичката состојба и не смее како такво да опстои во правниот промет.

Имено:

**прво,** Барањето за поништување е поднесено од неовластено лице. Како подносител на Барањето за поништување се јавува ССМ преку поранешниот Претседател Живко Митревски. Како што беше напоменато, согласно Законот, а врз основа на Одлука на Советот на ССМ од 13.11.2016 и согласно Решение на Министерството за труд и социјална политика бр.08-8191/2 единствено овластено лице за застапување на ССМ е Дарко Димовски и истото е впишано во Регистарот на синдикатите. Не може како подносител на Барањето да се јави ССМ преку неовластено лице. Доколку ССМ се јавува како подносител на Барањето истото МОРА да е потпишано само од овластеното лице за застапување, а во тој момент тоа е единствено Дарко Димовски. Во овој случај, во второто Решение бр.08-8191/10 од ден 29.12.2016 година како подносител на Барањето е наведен ССМ, а овластеното лице за застапување нема ниту потпишано, ниту поднесено вакво Барање. Доколку Живко Митревски сакал да поднесе вакво Барање, тоа можел да го стори само од лично име, а не во име на ССМ.

**Второ,** како што се наведува во Решението бр.08-8191/10, истото е донесено врз основа на чл.124 од Законот за општа управна постапка кој е насловен **Огласување на управен акт за ништовен.** Врз основа на чл.124 од ЗОУП **не може да се поништи решение, може единствено да се огласи решение за ништовно,** станува збор за два сосема различни правни институти. Управниот орган може само во еден случај вонредно да поништи свое претходно решение, што е регулирано со чл.121 од ЗОУП и таквото **поништување е можно само доколку против тој управен акт е навремено покренат управен спор.** Во конкретниот случај затоа што не е навремено покренат управен спор сторен е многу лош обид да се изигра Законот, односно затоа што не е можно поништување врз основа на чл.121, погрешно е применет чл.124 од ЗОУП. Со други зборови, **правниот основ на Решението е грешен. Не може врз основа на чл.124 од ЗОУП да се поништи управен акт, може да се огласи за ништовен, а во Решението бр.08-8191/10 стои: "Врз основа на чл.124 од Законот за општа управна постапка..." и изреката гласи: "Со ова решение се поништува решението...".** Станува збор за Решение што е очигледно спротивно на Законот и во кое е погрешно применето правото.

**Трето,** а поврзано со претходното, надлежност за поништување на управен акт има само второстепениот управен орган и Управниот суд на РМ. Органот кој го донел управниот акт само во еден вонреден случај може да го поништи управниот акт, а тоа е предвидено во чл.121 од ЗОУП за што не станува збор тука и таа одредба е неприменлива, како што наведовме погоре. Тоа значи дека Министерството за труд и социјална политика воопшто нема надлежност да донесе вакво решение, а тоа овластување во конкретниот случај му припаѓа исклучиво на Управниот суд на РМ.

**Четврто,** покрај грешната примена на правото и покрај грешниот и неточен опис на фактичката состојба (на што ќе се осврнеме подолу) во побиваното Решение не е извршена сумпсумција на таа погрешно утврдена фактичка состојба, односно само се наведува дека "се исполнети условите за поништување на решението бр.08-8191/2" без да се наведе и образложи кои се тие услови и каде се предвидени, што е спротивно на чл.88 ст.4 од ЗОУП каде е предвидено дека образложението мора да ги содржи и правните прописи врз основа на кои е донесено. Побиваното решение не содржи ама буквално ништо во однос на правото и правните прописи. Не смее во образложение на решение да се наведе само што е поднесено во прилог на барањето без никакво образложение и излагање во однос на поднесоците и прилозите и без подведување на утврдената фактичка состојба под правна норма. Како што е наведено во побиваното решение, биле исполнети условите за поништување на решението. Затоа што не е наведено каде се предвидени тие услови, ниту се наброени, а уште помалку образложени, се поставува прашањето кој ги предвидел тие за нас непознати услови за поништување на решение.

**Петто,** во побиваното Решение е просто констатирано дека Предлогот за отповикување од функцијата Претседател не е иницииран од повеќе од една половина од членството на ССМ. Доколку Министерството за труд и социјална политика утврдило дека Предлогот не е иницииран од страна на повеќе од една половина од членството треба да утврди од страна на колку членови и колку синдикати е иницииран, каков е соодносот меѓу таа бројка и вкупното членство, односно од страна на колкав процент од вкупното членство е иницииран Предлогот и сето тоа да се наведе во образложението. Меѓутоа, не може да се наведе ова во побиваното Решение бидејќи станува збор за целосно погрешно утврдена фактичка состојба и се избегнува навлегување во истата. Имено, Предлогот за отповикување од функцијата Претседател е иницииран од повеќе од половина од членството пресметувајќи на секој можен начин. Според чл.1 од Статутот на ССМ од 19.12.2013 година бр.0702-441/1 во ССМ се здружени 18 синдикати, а Предлогот за отповикување од функцијата Претседател е иницииран од страна на 11 синдикати и тоа: СУТКОЗ, УПОЗ, СИЕР, АГРО Синдикат, СХНМ, МПС, Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, ГИФИК, СТКЧ СПТРМ и СОБ. Неспорно е дека Предлогот е иницииран од страна на повеќе од една половина од гранските синдикати. Понатаму, вкупното членство на ССМ изнесува околу 66.000 членови, а членството на синдикатите кои го иницирале Предлогот за отповикување од функција Претседател изнесува над 55.000 членови, што е повеќе од 5/6 од вкупното членство, односно далеку

над една половина од вкупното членство. На крај, Предлогот треба да е инициран од страна на повеќе од една половина од членови на Советот на ССМ.

Неспорно е дека истиот бил иницирaн од страна на 28 членови на Советот, а вкупниот број на членови изнесува 50, што значи дека Предлогот е инициран од страна на повеќе од една половина од членовите на Советот на ССМ.

**Доказ: Записник од Петтата седница на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија одржана на ден 13.11.2016 година**

**Листа на членови на Советот на ССМ верификувани на 19-ти конгрес на ССМ**

**Шесто,** Известувањата дадени од страна на СОБ, СРСВМ, СШДЕ, Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, СТКЧ, СХНМ, ГИФИК, ССРЕС, СПТРМ, СРТМ, СФМ, СТИП и МПС, а на кои се повикува Министерството за труд и социјална политика се известувања дадени од страна на Претседателите на синдикатите, а не од членовите на Советот на ССМ и второ, не може со изјава на поединец во форма на известување да се менува одлука на Совет на ССМ. Истите известувања, дека не присуствувале на работата на Советот кога е донесена одлуката за отповикување од функцијата Претседател се ирелевантни затоа што секоја е дадена од страна на едно лице, а тие неколкумина не може да ја спорат волјата на 55.000 лица со едно просто известување. Во својство на Претседатели на гранските синдикатите тие немаат никакви овластување во Советот на ССМ по прашања за Претседател на ССМ и Претседател на Советот на ССМ. Претседател на ССМ и на Советот на ССМ се избира непосредно од страна на Советот на ССМ, а не од страна на Претседателите на гранските синдикати, што ги прави горенаведените Известувања беспредметни.

Бараме од Министерот за труд и социјална политика од горенаведените причини да го огласи за ништовно Решението бр.08-8191/10 од 29.12.2016 година на Министерот за труд и социјална политика, посебно имајќи предвид дека согласно Законот за општа управна постапка за истото е овластен и должен. Имено, во чл.124 ст.1 од ЗОУП е предвидено дека “За ништовен се огласува управниот акт:

- кој во управна постапка е донесен за работа од судска надлежност....

- што го донел органот без претходно барање на странката....

- што содржи неправилност, која според некоја изречна законска одредба е предвидена како причина за ништовност.”

Во ст.2 од истиот член е предвидено дека управниот акт може во секое време да се огласи за ништовен по службена должност, или по предлог на странката, а во ст.4 е дадено овластувањето да се огласи за ништовен таквиот акт. Имено, согласно ст.4 управниот акт го огласува за ништовен органот што го донел, а во конкретниот случај тоа е Министерството за труд и социјална политика.

Имајќи ги предвид горецитираните одредби, неспорно е дека условите предвидени за огласување на Решението бр.08-8191/10 од 29.12.2016 година се исполнети, а за огласувањето за ништовно Вие сте законски овластени, а и должни. Не смее да опстои во правниот промет решение без правен основ, донесено од ненадлежен орган, без образложение за примена на правото и правните прописи и донесено врз основа на целосно погрешна фактичка состојба, а донесено по барање на неовластено лице.

СУТКОЗ на РМ
Претседател
м-р Дарко Димовски